Република Северна Македонија
**Министерство за правда**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Drejtësisë**

Сектор за извршување, нотаријат и медијација

Sektori për përmbarim, noteri dhe ndërmjetësim

Бр. / Nr. 21-3105
Скопје/Shkup, 18.12.2023

# ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

# INFORMATË PËR ZBATIMIN E LIGJIT PËR NDËRMJETËSIM

**декември 2023 година**

**Dhjetor 2023**

**Изготвиле: Мирјана Лазова–виш соработник/ bashkëpunëtor i lartë**
**Контролирале: Лидија Којчева – Раководител на одделение/ Udhëheqës i seksionit**
**Владимир Јанковски-Помошник раководител на сектор/ Ndihmës udhëheqës i sektorit**
**Согласен: Радица Лазареска-Геровска, - Државен советник/ Këshilltar Shtetëror**


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ministria e Drejtësisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
Rr. "Dimitrie Çupovski" nr. 9, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

Сектор за извршување, нотаријат и медијација

Sektori për përmbarim, noteri dhe ndërmjetësim

## 1. Вовед

Информацијата за примена на Законот за медијација е изготвена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година и има за цел да ги презентира резултатите од спроведувањето на Законот за медијација, спроведувањето на испитот за медијатори, бројот на лиценцирани медијатори, бројот на започнати и завршени медијации со спогодба, соработката на Министерството за правда со Комората на медијатори и стратешките насоки на медијација.

## 1. Hyrje

Informata për zbatimin e Ligjit për ndërmjetësim është përgatitur në përputhje me Programin e punës së Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut për vitin 2023 dhe ka për qëllim prezantimin e rezultateve nga zbatimi i Ligjit për ndërmjetësim, realizimi i provimit për ndërmjetësuesit, numri i ndërmjetësve të licencuar, numri i ndërmjetësimeve të nisura dhe të përfunduara me marrëveshje, bashkëpunim të Ministrisë së Drejtësisë me Odën e Ndërmjetësuesve dhe udhëzimet strategjike të ndërmjetësimit.

## 2. Легислатива

Медијацијата како еден од алтернативните начини на решавање на споровите во Република Северна Македонија за прв пат беше промовирана со донесувањето на Законот за медијација во 2006 година изготвен во согласност со Стратегијата за реформа на правосудниот систем, како и определбата на Република Македонија за интегрирање во европските текови. Законот за медијација започна да се применува од 01 ноември 2006 година, а во текот на 2007 и 2009 година беа извршени измени и дополнувања на законот заради доуредување и прецизирање на законските одредби. Примарната цел за воведување на медијацијата беше

## 2. Legjislativi

Ndërmjetësimi si një nga mënyrat alternative të zgjidhjes së kontesteve në Republikën e Maqedonisë së Veriut u promovua për herë të parë me miratimin e Ligjit për ndërmjetësim në vitin 2006, i hartuar në përputhje me Strategjinë për reformë në sistemin e drejtësisë, si dhe përcaktimin e Republikës së Maqedonisë për t'u integruar në rrjedhat evropiane. Ligji për ndërmjetësim filloi të zbatohet më 1 nëntor 2006, dhe gjatë viteve 2007 dhe 2009 janë bërë ndryshime dhe plotësime të ligjit me qëllim të rregullimit plotësues dhe saktësimit të dispozitave ligjore. Qëllimi parësor i futjes së ndërmjetësimit ishte që


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ministria e Drejtësisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
Rr. "Dimitrie Çupovski" nr. 9, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

растеретување на судовите од огромниот број на предмети, а кои би се решавале по пат на медијација пред поведувањето на судска постапка, како и упатување од страна на судот на веќе иницирана парнична постапка за решавање на спорот по пат на медијација.

Во 2013 година беше донесен Закон за медијација („Службен весник на Република Македонија" бр.188/13, 148/15, 192/15 и 55/16), кој имаше за цел унапредување на функционирањето на медијацијата во правниот систем и обезбедување на поцелисходен, побрз, поекономичен и поефикасен начин за надминување на спорните односи на физичките и правните лица во Република Северна Македонија. Притоа иако законот започна со примена со значително доцнење од 3 години по донесувањето, придонесе за значително зголемување на постапките за медијации и зајакнување на квалитетот на медијаторите, но во целост не ги исполни очекуваните резултати. Нефункционалниот концепт на медијација се провлекуваше како забелешка годините наназад во прогрес- извештајот на Европската Комисија, иако притоа од 2019 година, го забележува напредокот и во оваа сфера. Сепак во извештаите на ЕК се укажува дека се потребни постојани напори за промовирање на употребата на алтернативните начини за решавање на споровите, вклучувајќи ги тука и трговските спорови.

gjykatat të liroheshin nga numri i madh i lëndëve, të cilat do të zgjidheshin me ndërmjetësim para ngritjes së procedurës gjyqësore, si dhe udhëzim nga gjykata në procedurat kontestimore tashmë të iniciuara për zgjidhjen e kontestit me ndërmjetësim.

Në vitin 2013 u miratua Ligji për ndërmjetësim ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 188/13, 148/15, 192/15 dhe 55/16), i cili kishte për qëllim avancimin e funksionimit të ndërmjetësimit në sistemin juridik dhe sigurimin e mënyrës më të përshtatshme, më të shpejtë, më ekonomike dhe më efikase për tejkalimin e marrëdhënieve kontestuese të personave fizikë dhe juridikë në Republikën e Maqedonisë së Veriut. Megjithëse ligji filloi të zbatohej me një vonesë të konsiderueshme prej 3 vitesh pas miratimit të tij, ai kontribuoi në rritjen e dukshme të procedurave të ndërmjetësimit dhe përforcimin e cilësisë së ndërmjetësuesve, por nuk i përmbushi plotësisht rezultatet e pritura. Koncepti i mosfunksionimit të ndërmjetësimit është përmendur si vërejtje vite më parë në raportin e progresit të Komisionit Evropian, megjithëse që nga viti 2019, e thekson progresin edhe në këtë sferë. Megjithatë, raportet e KE-së tregojnë se nevojiten përpjekje të vazhdueshme për të promovuar përdorimin e mënyrave alternative të zgjidhjes së kontesteve, përfshirë kontestet tregtare.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ministria e Drejtësisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
Rr. "Dimitrie Çupovski" nr. 9, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

Сектор за извршување, нотаријат и медијација

Зарадинатамошно јакнење на концептот на медијација и надминување на слабостите на системот од 2013 година, во декември 2021 година се донесе нов Закон за медијација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.294/21), со кој се надминаа слабостите кои произлегоа од електронското полагање на испитот за медијатор и се доуреди функционирањето на Комората на медијатори. Притоа се формираше посебно тело при Владата на Република Северна Македонија– Национален совет за медијација, кој имаше за цел поголема ефикасност при обезбедувањето, следењето и оценувањето на квалитетот на работите на медијацијата, се усогласи водењето на евиденцијата на постапките за медијација во Регистарот за медијации кој го води Министерството за правда, во кој медијаторите сами ги впишуваат медијациите, при што се усогласија податоците со посебните евиденции што ги водат медијаторите .

**3. Започнати и завршени медијации**

**Податоците од Регистарот се прикажани во следнава табела:**

3.1. Во 2023 година заклучно со 31.10.2023 година, лиценцираните

Sektori për përmbarim, noteri dhe ndërmjetësim

Me qëllim të përforcimit të mëtejmë të konceptit të ndërmjetësimit dhe tejkalimit të dobësive të sistemit nga viti 2013, në dhjetor 2021 u miratua Ligji i ri për ndërmjetësim (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 294/21), me të cilin u tejkaluan dobësitë që dolën nga dhënia elektronike e provimit të ndërmjetësimit dhe u rregullua në mënyrë plotësuese funksionimi i Odës së ndërmjetësuesve. Ndërkaq, në kuadër të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut u formua një trup i posaçëm - Këshilli Nacional për Ndërmjetësim, i cili kishte për qëllim efikasitet më të madh në sigurimin, monitorimin dhe vlerësimin e cilësisë së punës së ndërmjetësimit, u harmonizua mbajtja e evidencës së procedurave të ndërmjetësimit në Regjistrin për ndërmjetësim, të cilin e mban Ministria e Drejtësisë, në të cilën ndërmjetësuesit i shënojnë vetë ndërmjetësimet, me ç'rast u harmonizuan të dhënat me evidencat e veçanta që i mbajnë ndërmjetësuesit.

**3. Ndërmjetësimet e filluara dhe të përfunduara**

**Të dhënat nga Regjistri janë paraqitur në tabelën në vijim:**

3.1. Në vitin 2023, më 31.10.2023, ndërmjetësuesit e licencuar kanë paraqitur


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ministria e Drejtësisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
Rr. "Dimitrie Çupovski" nr. 9, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

медијатори пријавиле во Електронскиот регистар до Министерство за правда 360 спроведени постапки за медијација од кои 85 завршиле со спогодба. Евидентен е пад на бројката на внесени медијации во регистарот, за што претпоставка е дека се должи на намалениот број на лиценцирани медијатори. Имено одреден број на медијатори останa без лиценци, заради нефункционалниот Национален совет (за што следува информација подолу во текстот), а што за последица резултираше со намален број на постапки за медијација.

Притоа ако се анализараат вкупните бројки на предмети внесени во електронскиот регистар за периодот од 2016 до 31.10.2023 година се забележува дека вкупниот процент на успешно завршени медијации и понатаму останува висок и изнесува 44,67%.

Ако се компарираат бројките 2022 со 2023 се забележува пад на успешно завршените медијации. Па така во 2023 година вкупниот процент на успешно завршени медијации изнесува 23,6%, за разлика од 2022 година кога процентот на успешно завршени медијации изнесувал 37,3%. Процентот на успешноста е најголем во сферата на кривичните односи

në Regjistrin Elektronik në Ministrinë e Drejtësisë 360 procedura të kryera ndërmjetësimi, nga të cilat 85 kanë përfunduar me marrëveshje. Është evidente një rënie e numrit të ndërmjetësimeve të regjistruara në regjistër, ku supozimi është se është si rezultat i numrit të zvogëluar të ndërmjetësuesve të licencuar. Gjegjësisht, një numër i caktuar i ndërmjetësuesve mbetën pa licencë, për shkak të mosfunksionimit të Këshillit Kombëtar (për të cilin informatat vijojnë më poshtë në tekst), e që rezultoi me një numër të zvogëluar të procedurave të ndërmjetësimit.

Gjithashtu, nëse analizohet numri i përgjithshëm i lëndëve të regjistruara në regjistrin elektronik për periudhën nga viti 2016 deri më datë 31.10.2023, vërehet se përqindja totale e ndërmjetësimeve të kryera me sukses vazhdon të jetë e lartë, dhe edhe më tutje mbetet e lartë dhe është 44,67%.

Nëse krahasojmë numrat e vitit 2022 me 2023, vërehet një rënie në ndërmjetësimet e përfunduara me sukses. Pra, në vitin 2023, përqindja totale e ndërmjetësimeve të kryera me sukses është 23.6%, për dallim nga viti 2022 kur përqindja e ndërmjetësimeve të përfunduara me sukses ishte 37.3%. Përqindja e suksesit është më e lartë në sferën e marrëdhënieve penale (100%), konteste të


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ministria e Drejtësisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. "Dimitrie Çupovski" nr. 9, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

(100%), разни спорови (77,7%) работните односи (76%). Ниската бројка на предмети каде имало постапка за медијација во имотно правните спорови, го минимизира процентот на успешноста. Ова е уште еден индикатор за потребата континуирано и интензивно да се работи на промоција на медијацијата, особено во сферата на стопанството.

И покрај законската обврска од Закон за медијација која предвидува задолжителен внес во Електронскиот регистар на медијации (воведен во 2020 година), постојат индиции дека одредени медијатори сеуште воопшто не внесуваат податоци во електронскиот регистар, а одредени медијатори внесуваат нецелосни податоци со што се оневозможува процесот на пребарување - генерирање на извештаите кои би овозможиле целосна слика за медијацијата во државата.

## 4. Испити за медијатор

Во однос на одржувањето на испит за медијатори согласно членот 55 од Законот за медијација медијација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.294/21) предвидено е да се полага еднаш во текот на годината според Програмата за полагање на испит за медијатори. Испитот за медијатори притоа се состои од два дела и тоа: прв дел теоретски дел,

ndryshme (77,7%), marrëdhënie pune (76%). Numri i ulët i lëndëve ku ka pasur procedurë ndërmjetësimi në kontestet pronësore-juridike, e minimizon përqindjen e suksesit. Ky është edhe një tregues për nevojën për të punuar vazhdimisht dhe intensivisht në promovimin e ndërmjetësimit, veçanërisht në sferën ekonomike.

Edhe krahas detyrimit ligjor nga Ligji për Ndërmjetësimin, i cili parasheh regjistrimin e detyrueshëm në Regjistrin elektronik të ndërmjetësimeve (i futur në vitin 2020), ekzistojnë indikacione se disa ndërmjetësues ende nuk i fusin fare të dhënat në regjistrin elektronik dhe ndërmjetësues të caktuar fusin të dhëna jo të plota, të cilat e pamundësojnë procesin e kërkimit – gjenerimit të raporteve që do të jepnin një pasqyrë të plotë të ndërmjetësimit në vend.

## 4. Provime për ndërmjetësues

Lidhur me mbajtjen e provimit për ndërmjetësues në pajtim me nenin 55 të Ligjit për ndërmjetësim ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 294/21) është paraparë të mbahet një herë në vit sipas Programit për dhënie të provimit për ndërmjetësues. Provimi për ndërmjetësues përbëhet nga dy pjesë: pjesa e parë, pjesa teorike, e cila kontrollon

со кој се проверува теоретското знаење на кадидатите и втор дел практичен дел-студии на случај во кој се оценуваат личните особини и карактеристики и практичните вештини способности и знаења за медијација. Испитот го спроведува Комисија формирана од министерот, во состав од пет члена и нивни заменици кои се истакнале во областа на медијацијата и имаат професионално искуство.

Министерот за правда сеуште ја нема формирано Комисијата за полагање на испит за медијатори од причина што неможе да се спроведе психолошки тест и тест на интегритет издаден од лиценцирано стручно лице, согласно членот 54 став (1) точка ѓ) од Законот за медијација.

## 5. Лиценцирани медијатори

Согласно член 40 од Законот за медијација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.294/21), именикот на медијатори го води Комората на медијатори на Република Северна Македонија и истиот задолжително се објавува на веб страницата на Комората, Министерството и на огласните табли и веб страници на судовите. Именикот на медијатори е објавен на веб страницата на Министерството за правда и во него се запишани 46 медијатори.

Согласно заклучокот на Владата на Република Северна Македонија, во Министерството за правда од месец

njohuritë teorike të kandidatëve, dhe pjesa e dytë, pjesa praktike - studime të rasteve, në të cilat janë cilësitë dhe karakteristikat personale dhe shkathtësitë dhe aftësitë praktike dhe njohuritë e ndërmjetësimit. Provimi realizohet nga komisioni i formuar nga ministri, i përbërë nga pesë anëtarë dhe zëvendësit e tyre, të cilët janë dalluar në fushën e ndërmjetësimit dhe kanë përvojë profesionale.

Ministri i Drejtësisë ende nuk e ka formuar Komisionin për dhënien e provimit për ndërmjetësues, sepse nuk është e mundur të kryhet testi psikologjik dhe testi i integritetit të lëshuar nga një profesionist i licencuar, në përputhje me nenin 54 paragrafi (1) pika f) të Ligjit për ndërmjetësim.

## 5. Ndërmjetësues të licencuar

Në bazë të nenit 40 të Ligjit për ndërmjetësim (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 294/21), listën e emrave të ndërmjetësuesve e mban Oda e Ndërmjetësuesve e Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe publikohet detyrimisht në faqen e internetit të Odës, Ministrisë dhe në tabelat e njoftimeve dhe faqet e internetit të gjykatave. Lista e emrave të ndërmjetësuesve është publikuar në faqen e Ministrisë së Drejtësisë dhe në të janë shënuar 46 ndërmjetësues.

Sipas konkluzionit të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, në Ministrinë e Drejtësisë nga muaji nëntor

ноември 2023 година, се доставуваат барања за замена на временски ограничените лиценци за работа, со лиценци на неопределено време

**6. Национален совет за медијација согласно член 63 од Законот за медијација („Службен весник на Република Македонија" бр.294/21).**

Согласно членот 63 од Законот за медијација („Службен весник на Република Македонија" бр.294/21) се формира Национален совет за медијација кој претставува посебно тело при Владата на Република Северна Македонија.

Иако Националниот совет е владинот тело, Владата одлучи да ги делегира своите надлежности во Министертвото за правда, и тоа како од просторно технички услови за работа, така и од финансиски аспект. За таа цел на предлог на Националниот координатор, Владата на Република Северна Македонија на 161 та седница одржана на 20 јуни 2023 година, разгледувајќи ја Информацијата од Националниот совет за медијација со финансиски план за четвртиот квартал од 2022 година и за 2023 година, под точка 7, и ги донесе следните заклучоци:

1.Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во рок од седум дена од донесувањето на првата одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетски корисници да префрли средства на

2023, parashtrohen kërkesa për zëvendësimin e licencave të punës me afat të kufizuar me licenca me afat të pacaktuar.

**6. Këshilli Nacional për Ndërmjetësim në pajtim me nenin 63 të Ligjit për ndërmjetësim ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 294/21).**

Në bazë të nenit 63 të Ligjit për ndërmjetësim ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 294/21), themelohet Këshilli Nacional për Ndërmjetësim, i cili është organ i veçantë në kuadër të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Megjithëse Këshilli Nacional është trup qeveritar, Qeveria ka vendosur që kompetencat e tij t'ia delegojë Ministrisë së Drejtësisë, si në aspektin hapësinor dhe teknik të punës, ashtu edhe në aspektin financiar. Për këtë qëllim, me propozim të Koordinatorit Nacional, Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut në mbledhjen e 161-të të mbajtur më 20 qershor 2023, duke shqyrtuar informacionin nga Këshilli Nacional për Ndërmjetësim me plan financiar për tremujorin e katërt të vitit 2022 dhe 2023, nën pikën 7, dhe i nxori përfundimet e mëposhtme:

1. Sekretariati i Përgjithshëm i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut detyrohet që në afat prej shtatë ditësh nga miratimi i vendimi ttë parë për shpërndarje të mjeteve ndërmjet shfrytëzuesve buxhetorë të transferojë

Министерството за правда – за Националниот совет за медијација, во вкупен износ од 1.644.750,00 денари.
2. Се задолжва Министерството за правда во рок од седум дена да отвори потпрограма и да направи пренамена на средствата за Националниот совет за медијација за две расходни позиции во вкупен износ од 868.000,00 денари.
3. Се задолжува Министерството за правда во рок од седум дена да безбеди простор-канцеларија за Националниот совет за медијација, со цел непречено функционирање на Советот. Истовремено, Владата заклучи потребните средства за функционирање на Националниот совет за медијација да се обезбедат во рамки на Буџетот на надлежната институција.

Министерството за правда отвори потпрограма 11 - Национален совет за медијација ставка 425 – Договорни услуги во износ од 1.645.000 денари.

Согласно членот 66 од Законот за медијација Советот, врз основа на начелото на самостојност,стручност и независност, ја утврдува исполнетоста на условите за издавање на лиценца за вршење на медијаторски работи и ги издава и ги укинува лиценците за медијатори, медијатори за специфични области и за обучувачи на медијатори, согласно со Правилник за

mjete në Ministrinë e Drejtësisë - për Këshillin Nacional për Ndërmjetësim, në vlerë të përgjithshme prej 1.644.750,00 denarë.
2. Ministria e Drejtësisë detyrohet që në afat prej shtatë ditësh të hapë nënprogram dhe të bëjë ridedikim të mjeteve për Këshillin Nacional për Ndërmjetësim për dy pozita të shpenzimeve në vlerë të përgjithshme prej 868.000,00 denarë.
3. Ministria e Drejtësisë detyrohet që në afat prej shtatë ditësh t'i sigurojë Këshillit Nacional për Ndërmjetësim hapësirë -zyrë për të funksionuar në mënyrë të papenguar Këshilli. Njëkohësisht, Qeveria konkludoi që mjetet e nevojshme për funksionimin e Këshillit Nacional për Ndërmjetësim të sigurohen në kuadër të Buxhetit të institucionit kompetent.

Ministria e Drejtësisë hapi nënprogramin 11 - Këshilli Nacional për Ndërmjetësim zëri 425 - Shërbime kontraktuese në shumë prej 1.645.000 denarë.

Në bazë të nenit 66 të Ligjit për ndërmjetësim, Këshilli, bazuar në parimin e mëvetësisë, specialitetit dhe pavarësisë, e përcakton përmbushjen e kushteve për lëshimin e licencës për kryerjen e punëve të ndërmjetësimit dhe lëshon dhe heq licencat për ndërmjetësuesit, ndërmjetësuesit për fusha të veçanta dhe për trajnuesit e ndërmjetësuesve, në pajtim me Rregulloren për mënyrën e

начин на издавање и укинување на лиценци во медијација, кој го донесува по добиена согласност од Владата,

б) акредитира програми за обука на медијатори утврдени со овој закон;

в) ја утврдува методологијата и начинот на вршење на мониторинг и евалуација на квалитетот на работењето на медијаторите, обучувачите на медијатори, односно спроведувањето на акредитираните програми за обука на медијатори, согласно со Правилник за методологијата и начинот на вршење мониторинг и евалуација на квалитетот на работењето на медијаторите, кој го донесува по претходно добиена согласност од Владата;

г) редовно годишно, го следи и оценува квалитетот на работењето на медијаторите, обучувачите на медијатори и лицата акредитирани за спроведување обуки за медијатори предвидени со овој закон и врз основа на резултатите од извршена евалуација, дава укажувања и насоки и донесува одлуки за одземање на лиценците, односно акредитациите, според Правилник за утврдување на начинот на оценување на квалитетот на работите во медијацијата, кој го донесува по претходно добиена согласност од Владата;

д) ги разгледува и одлучува по претставки за медијаторите и за обучувачите за медијатори во врска со

lëshimit dhe heqjes së licencave në ndërmjetësim, e cila miratohet pas marrjes së pëlqimit nga Qeveria,

b) akrediton programe për trajnim për ndërmjetësues, të përcaktuara me këtë ligj;

c) e përcakton metodologjinë dhe mënyrën e kryerjes së monitorimit dhe vlerësimit të cilësisë së punës së ndërmjetësuesve, trajnuesve të ndërmjetësuesve, përkatësisht zbatimin e programeve të akredituara për trajnim të ndërmjetësuesve, në përputhje me Rregulloren për metodologjinë dhe mënyrën e monitorimit dhe vlerësimit të cilësinë e punës së ndërmjetësuesve, e cila miratohet pas pëlqimit të marrë paraprakisht nga Qeveria;

ç) e monitoron rregullisht në bazë vjetore dhe e vlerëson cilësinë e punës së ndërmjetësuesve, trajnuesve të ndërmjetësve dhe personave të akredituar për kryerjen e trajnimeve për ndërmjetësuesit të parashikuar me këtë ligj dhe në bazë të rezultateve të vlerësimit, jep indikacione dhe udhëzime dhe sjell vendime për heqjen e licencave, përkatësisht akreditimeve, sipas Rregullores për përcaktimin e mënyrës së vlerësimit të cilësisë për punët në ndërmjetësim, të cilën e miraton pas pëlqimit të marrë paraprakisht nga Qeveria;

d) shqyrton dhe vendos për kërkesat për ndërmjetësuesit dhe trajnuesit për ndërmjetësues në lidhje me kryerjen e


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ministria e Drejtësisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
Rr. "Dimitrie Çupovski" nr. 9, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification 1828

извршувањето медијаторски работи и за лицата акредитирани за спроведувањето на програмите за обука за медијација;
ѓ) дава иницијативи за подобрување на законските решенија и мислења за предлози на закони од областа на медијацијата;
е) покренува иницијативи за пошироко запознавање на граѓаните со правото за користење на медијацијата како начин на решавање на спорните односи компромисно;
ж) соработува со меѓународни организации и тела, ангажирани во заштитата на правата на детето и спречувањето на малолетничкото престапништво;
з) подготвува полугодишни и годишни извештаи за својата работа и за состојбите во областа на медијацијата;
ѕ) се грижи и води сметка обуката која ја вршат истакнати стручњаци од земјата и од странство од соодветна област од значење за медијацијата, да не надминува повеќе од 10% од вкупниот број часови и
и) врши други работи утврдени со закон.

**7. Соработка на Министерството за правда со Комората на медијаторите**

Соработката со Комората на медијаторите и понатаму се одвива отежнато, пред се заради немањето на просторни и организациски услови за работа на Комората.

punës së ndërmjetësimit dhe për personat e akredituar për
zbatimin e programeve të trajnimit për ndërmjetësim;
dh) jep nisma për përmirësimin e zgjidhjeve ligjore dhe mendimet për propozimet e ligjeve në fushën e ndërmjetësimit;
e) inicion nisma për njoftimin më të gjerë të qytetarëve me të drejtën e përdorimit të ndërmjetësimit si mënyrë për zgjidhjen e marrëdhënieve të kontestuara me kompromis;
ë) bashkëpunon me organizatat dhe organet ndërkombëtare që merren me mbrojtjen e të drejtave të fëmijëve dhe parandalimin e delikuencës së të miturve;
f) përgatit raporte gjashtëmujore dhe vjetore për punën e tij dhe për situatën në fushën e ndërmjetësimit;
g) kujdeset dhe mban llogari që trajnimi i kryer nga ekspertë të shquar nga vendi dhe jashtë vendit në një fushë përkatëse me rëndësi për ndërmjetësim të mos kalojë më shumë se 10% të numrit total të orëve dhe
gj) kryen detyra të tjera të përcaktuara me ligj.

**7. Bashkëpunimi i Ministrisë së Drejtësisë me Odën e Ndërmjetësuesve**

Bashkëpunimi me Odën e Ndërmjetësuesve edhe më tutje zhvillohet në mënrë të vështirë, para së gjithash për shkak të mungesës së kushteve hapësinore dhe organizative për punën e Odës.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ministria e Drejtësisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
Rr. "Dimitrie Çupovski" nr. 9, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

Врз основа на член 43 од Законот за медијација, по овластување на Министерот за правда, на ден 27.01.2023 година извршен е надзор над работата на Комората на медијатори. По спроведениот надзор, составен е Записник во кој по однос на недостатоците констатирани при надзорот над работењето на Комората на медијатори се предложи Комората на медијатори, Управниот одбор на Комората и Претседателот на Комората во понатамошната работа да постапуваат по укажувањата и да преземат мерки за отстранување на утврдените недостатоци заради целосна усогласеност на работата на Комората на медијатори Република Северна Македонија со Законот за медијација.

Иако и се укажа на Комората на медијатори да постапи согласно член 43 став (6) од Законот за медијација, од причина што од нејзиното формирање до денот на надзорот, со Министерството за правда сеуште нема доставено ниту еден извештај за работата на Комората. Извештајот треба да ја содржи и завршната сметка на Комората доставена до Управата за јавни приходи, како и општа оцена за состојбата со медијацијата со предлог на мерки за унапредување на примената на медијацијата.

Воедно, Комората на медијатори до Министерството за правда, досега нема доставено никаков Извештај дека

Në bazë të nenit 43 të Ligjit për ndërmjetësim, pas autorizimit të Ministrit të Drejtësisë, më 27.01.2023 është kryer mbikëqyrje mbi punën e Odës së Ndërmjetësuesve. Pas mbikëqyrjes është përpiluar një procesverbal në të cilin lidhur me mangësitë e konstatuara gjatë mbikëqyrjes së funksionimit të Odës së Ndërmjetësuesve, është sugjeruar që Oda e Ndërmjetësuesve, Këshilli Drejtues i Odës dhe kryetari i Odës në punën e tyre të mëtejme të veprojnë për sugjerimet dhe ndërmarrin masa për heqjen e mangësive të konstatuara për shkak të harmonizimit të plotë të punës së Odës së Ndërmjetësuesve të Republikës së Maqedonisë së Veriut me Ligjin për ndërmjetësim.

Megjithëse Oda e Ndërmjetësuesve është sugjeruar që të veprojë në pajtim me nenin 43 paragrafi (6) të Ligjit për ndërmjetësim, për arsye se nga themelimi i saj deri në ditën e mbikëqyrjes, Ministria e Drejtësisë ende nuk ka dorëzuar asnjë raport për punën e Odës. Raporti duhet të përmbajë gjithashtu edhe llogari përfundimtare të Odës, të dorëzuar në Drejtorinë e të Ardhurave Publike, si dhe vlerësim të përgjithshëm të gjendjes me ndërmjetësimin me propozim-masat për avancimin e zbatimit të ndërmjetësimit.

Njëkohësisht, Oda e Ndërmjetësuesve në Ministrinë e Drejtësisë ende nuk ka dorëzuar asnjë


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ministria e Drejtësisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
Rr. "Dimitrie Çupovski" nr. 9, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

е постапено по укажувањата од Министерството за правда.

**8. Стратешки насоки за Медијацијата**

Министерството за правда, е определено и понатаму да го развива и унапредува концептот на медијација, при што медијацијата ја дефинираше како стратешка цел во новата Стратегија за развој на правосудниот секто 2023-2027 година, која сеуште е во рана фаза на подготовка од страна на Работната група за таа цел, а во која имаат учество и претавници на Комората на медијатори со цел идентификување на слабостите во постојниот систем и пракса и креирање на соодветни акивности во насока на унапредување и натамошен развој на медијацијата.

Исто така, медијаторите треба да ги преземат сите разумни чекори за да обезбедат соодветно ниво на квалитетот и компетентноста на нивните услуги. Според претходната Стратегија, поради сè уште нискиот процент на предмети кои биле предмет на медијација во однос на бројот на судски предмети, во извештајот на Европската Комисија за напредокот за 2022 година е утврдено дека фокусот треба да се стави на постигнување 10% од судските предмети решени со медијација. годишно, како индикатори за влијание за правилно следење на извршувањето на медијацијата.

raport se është vepruar për sugjerimet Ministrisë së Drejtësisë.

**8. Udhëzime strategjike për Ndërmjetësimin**

Ministria e Drejtësisë, është caktuar edhe më tutje ta zhvillojë dhe avancojë konceptin e ndërmjetësimit, me ç'rast ndërmjetësimin e ka definoi si qëllim strategjik në Strategjinë e re për zhvillim të sektorit të drejtësisë 2023-2027, e cila është ende në fazë të hershme të përgatitjes nga Grupi i punës për këtë qëllim dhe në të cilën marrin pjesë edhe përfaqësues të Odës së ndërmjetësuesve për të identifikuar dobësitë në sistemin ekzistues dhe në praktikë dhe për të krijuar aktivitete përkatëse në drejtim të avancimit dhe zhvillimit të mëtejshëm të ndërmjetësimit.

Gjithashtu, ndërmjetësuesit duhet t'i ndërmarrin të gjithë hapat e arsyeshme për të siguruar një nivel të përshtatshëm të cilësisë dhe kompetencës së shërbimeve të tyre. Sipas Strategjisë paraprake, për shkak të përqindjes ende të ulët të lëndëve të kanë qenë objekt i ndërmjetësimit në raport me numrin e lëndëve gjyqësore, në raportin e progresit të Komisionit Evropian për vitin 2022 është konstatuar se fokusi duhet të vendoset në arritjen e 10% të lëndëve gjyqësore të zgjidhura me ndërmjetësim çdo vit, si tregues ndikimi për monitorimin e duhur të kryerjes së ndërmjetësimit.

Владата на Република Северна Македонијаи Судскиот совет не ги изготвија соодветните програми за развој и поддршка на медијацијата согласно Законот. Како причина за слабата застапеност на медијацијата во нашата судска практика, најголем дел од медијаторите сметаат дека странките се недоволно запознаени со медијацијата и не е доволно промовирана медијацијата во јавноста. Заради фактот дека медијацијата е дополнителна дејност на медијаторите, недостасуваат финансиски средства за функционална Комора за медијација (немање просторни и административни услови за нормално и непречено функционирање), поради што преку активни мерки, треба поголема промоција за користењето на овој механизам за решавање на спорови.

Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe Këshilli Gjyqësor nuk përgatitën programe adekuate për zhvillimin dhe mbështetjen e ndërmjetësimit në përputhje me Ligjin. Si arsye e përfaqësimit të dobët të ndërmjetësimit në praktikën tonë gjyqësore, shumica e ndërmjetësuesve konsiderojnë se palët nuk janë njoftuar mjaftueshëm me ndërmjetësimin dhe ndërmjetësimi nuk promovohet mjaftueshëm në publik. Për faktin se ndërmjetësimi është një aktivitet shtesë i ndërmjetësuesve, mungojnë mjetet financiare për një Odë funksionale e ndërmjetësuesve (mungesa e kushteve hapësinore dhe administrative për funksionim normal), me ç'rast përmes masave aktive nevojitet promovim më të madh për përdorimin e këtij mekanizmi për zgjidhjen e kontesteve.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ministria e Drejtësisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
Rr. "Dimitrie Çupovski" nr. 9, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

**ТАБЕЛА** *на медијации 2023 до 01.11.2023 по видови и статус на спогодби/*

*TABELA e ndërmjetësimeve 2023 deri më datë 01.11.2023 sipas llojeve dhe statusit të marrëveshjeve*

| | 01.01.-01.11.2023 | | | | 2022 | | | | 2021 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВИД НА СПОР/ LLOJI I KONTESTIT | Вкупно/Gjithsej | Активни/Aktivë | Спогодба/ Me marrëveshje / % | Без спогодба/Pa marrëveshj | Вкупно/Gjithsej | Активни/Aktivë | Спогодба/ Me marrëveshje / % | Без спогодба/Pa | Вкупно/Gjithsej | Спогодба/ Me marrëveshje / % | Без спогодба/Pa marrëveshje |
| Имотно правни спорови/Konteste pronësore-juridike | 8 | / | / | 8 | 11 | 2 | 3<br>27% | 6 | 10 | 3<br>30% | 7 |
| Осигурителни спорови/Konteste të sigurimit | 28 | 2 | 2<br>7,1% | 24 | 34 | 3 | 3<br>8,8% | 28 | 35 | 2<br>5,7% | 33 |
| Потрошувачки спорови/Konteste të konsumatorit | 1 | / | / | 1 | 1 | 1 | / | / | 1 | / | 1 |


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ministria e Drejtësisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
Rr. "Dimitrie Çupovski" nr. 9, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Работни спорови/Konteste pune | 67 | 17 | 49<br>73,1% | 1 | 276 | 40 | 210<br>76% | 26 | 156 | 126<br>80,7% | 30 |
| Трговски/стопански спорови/Konteste tregtare/ekonomike | 241 | 9 | 24<br>9,9% | 208 | 277 | 82 | 9<br>3,2% | 186 | 319 | 29<br>9% | 290 |
| Разно/Të ndryshme | 9 | / | 7<br>77.7% | 2 | 9 | 3 | 2<br>22,2% | 4 | 9 | 5<br>55% | 4 |
| Спорови од областа на здравствената заштита/Konteste nga sfera e mbrojtjes shëndetësore | 2 | / | / | 2 | | | | | | | |
| Спорови од областа на образованието/ Konteste nga sfera e arsimit | 2 | 1 | 1<br>50% | / | | | | | | | |
| Семејни спорови/Konteste familjare | / | / | / | / | | | | | | | |


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ministria e Drejtësisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
Rr. "Dimitrie Çupovski" nr. 9, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Кривични спорови/Konteste penale | 2 | / | 2<br>100% | / | | | | | | | |
| ВКУПНО/GJITHSEJ: | 360 | 29 | 85<br>23,6% | 246 | 608 | 131 | 227<br>37,3% | 250 | 530 | 165 31% | 365 |


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ministria e Drejtësisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. "Dimitrie Çupovski" nr. 9, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification